**ЗАПИСНИК**
**од 7-та (јавна) седница на Советот**
**одржана на 06.04.2012 година**

**Присутни членови на Советот:** м-р Зоран Стефаноски, м-р Милаим Фетаи, акад. Бојан Шоптрајанов, Бранко Радовановиќ, Столе Наумов, м-р Борис Арсов, м-р Зоран Трајчевски, Селвер Ајдини, Лазо Петрушевски, Замир Мехмети, м-р Методија Јанчески и Методи Стоименовски.

**Оправдано отсутни:** м-р Алма Машовиќ (оправдано отсутна), проф. д-р Томе Груевски (оправдано отсутен) и акад. Али Алиу (оправдано отсутен).

**Присутни од Стручна служба:** м-р Андриана Скерлев – Чакар, м-р Борче Маневски, Огнен Неделковски, Слободан Беличански, Горан Радуновиќ, Цветанка Митревска, Арбен Саирти, Хари Митриќески – Клекачоски, Милаим Абдураими, Симона Темелкова и Ружица Бошнакоска - Јотевска.

**Присутни новинари:** Весна Велкова од Канал 5, Зоран Илиевски и Катерина Топалова од Алфа ТВ, Сања Јовановиќ Дамјановска од ТВ Телма, Максим Ристески од Капитал, Сања Казиовска од Дневник, Светлана Унковска од Утрински весник, Борис Грдановски и Тања Јовановска од Вест, Мелихате Рустеми од Алсат М, Бојан Трајковски од АБ Канал, Михајло Видимлиски од 24 Вести, Мирослав Симоновски од Фокус и Фросина Факова од Макфакс.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски ја отвори 07-та (јавна) седница на Советот за радиодифузија и го прочита предложениот дневен ред.

Бидејќи немаше предлози за дополнување и измени, Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, Дневниот ред го стави на гласање. Советот едногласно со 12 гласа „за“ го усвои следниот Дневен ред:

**Д н е в е н р е д**

1. Информација за плаќањето на заостанатиот долг за дозволата на рати за 6 сателитски телевизии и информација за работењето на сателитските ТРД-а по заклучоци од 5-та и од 6-та седница на СРД, со предлог-одлуки.
2. Информација по повод претставка од лицето Ванчо Костадинов од Виница, а во врска со известување во вести во рамките на програмскиот сервис на ТРД „Телевизија Сител“ ДООЕЛ Скопје, за семејно насилство со објавување на лични податоци.
3. Конечен извештај од Одделението за внатрешна ревизија за извршената ревизија на процесот за подготовка на пресметка и исплата на плата на Претседателот, Заменикот на претседателот, на членовите на Советот за радиодифузија и на вработените во стручна служба на Советот за радиодифузија.
4. Предлог- Одлука за јавна набавка за предметот на набавка: одржување на постојан софтвер за анализа на радио и телевизиски програми НАВС.
5. Предлог- Одлука за јавна набавка за предметот на набавка- услуги: печатарски услуги со фотокопирање за потребите на Советот за радиодифузија
6. Разно.

**Точка 1**

Советот ја разгледа Информацијата за плаќањето на заостанатиот долг за дозволата на рати за 6 сателитски телевизии и информацијата за работењето на сателитските ТРД-а по заклучоци од 5-та и од 6-та седница на СРД, со предлог-одлуки. Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, рече дека Советот за радиодифузија на РМ на првото продолжение на 5-та седница одржано на 21.03.2012 година иницираше постапка за одземање на дозволата на радиодифузерите кои имаат

дозвола за емитување преку сателит, но не го емитуваат својот програмски сервис преку сателит, како и за оние радиодифузери кои не го платиле доспеаниот годишен надоместок за дозволата за вршење радиодифузна дејност. Притоа, Советот одлучи, на радиодифузерите: „ЏАНГЛ ТВ"; „24 ВЕСТИ"; „ПЕРСПЕКТИВА ТВ"; „ПИНК 15 "; „АБ КАНАЛ" и „НАША ТВ", да им укаже, најдоцна до 5-ти април 2012-та година, да го усогласат своето работење во согласност со Законот за радиодифузната дејност и доделената дозвола за вршење радиодифузна дејност, како и да ги исполнат обврските кои произлегуваат од истата. Доколку во зададениот рок овие радиодифузери не ги исполнат законските обврски, односно обврските од дозволата, Советот одлучи дека во согласност со член 63 и член 64 од Законот за радиодифузната дејност, ќе им ја одземе дозволата за вршење радиодифузна дејност. Претседателот на Советот, м-р Зоран Стефаноски, информира дека својата обврска ја имаат извршено ТРД „24 ВЕСТИ" ДООЕЛ Штип и ТРД „НАША ТВ" ДОО Скопје. Претседателот во текот на седницата кажа дека доби телефонска информација од ТРД „ПИНК 15" ДООЕЛ Скопје, дека додека трае седницата, односно до крајот на денот ќе ја исплатат првата рата од заостанатиот долг, додека останатите сеуште не ги исполниле обврските и не склучиле договор за плаќање на наведениот надоместок на рати. Во врска со ТРД „АБ КАНАЛ" ДООЕЛ Скопје, рече дека неколку дена својата програма не ја емитуваат преку сателит, за што и Советот е информиран, односно ТРД „АБ КАНАЛ" ДООЕЛ Скопје со допис побарал Советот да има разбирање, да им овозможи одреден период, за да повторно се качат на сателит. Во насока на оваа точка, рече дека членовите на Советот е потребно да учествуваат во подолга дискусија затоа што постои можност Советот да одземе дозвола за вршење радиодифузна дејност на национален медиум. Целта не е, како што рече, да се одземат дозволи туку да се воведат принципи кои доследно ќе се почитуваат. Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, рече дека му е драго што Советот конечно иницира воспоставување ред во врска со плаќање на надоместокот за дозволата за вршење радиодифузна дејност кај сите радиодифузери и што таа обврска ја почитуваат голем дел од радиодифузерите. Позитивна оценка даде за прецизно и сеопфатно подготвената Информацијата за плаќањето на заостанатиот долг за дозволата на рати за 6 сателитски телевизии и информацијата за работењето на сателитските ТРД-а по заклучоци од 5-та и од 6-та седница на СРД. Предложи Советот да биде флексибилен по однос на Барањето пристигнато од ТРД „АБ КАНАЛ" ДООЕЛ Скопје и на останатите радиодифузери, доколку се работи за сериозна пречка поради која за период од неколку дена не можат да ја исплатат наведената рата, согласно договорот. Во насока на преземање мерки, предложи за сите радиодифузери Советот да одлучува поединечно. Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, рече дека пратејќи ја дискусијата има чувство дека Советот сака да се амнестира. Потсети дека досега Советот нема одземено дозвола за вршење радиодифузна дејност на национален медиум. Членот на Советот, м-р Борис Арсов, рече дека се согласува со ставот на Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, и му е драго што радиодифузерите го почитуваат договорот за плаќање на рати. Како учесник во техничкиот дел, рече дека со колегите од Секторот за технологии и информатика вложиле големи напори за да ги посетат наведените сателитски телевизии и да ја констатираат фактичката состојба. Состојбата со ТРД „АБ КАНАЛ" ДООЕЛ Скопје, рече дека треба дополнително да се провери, затоа што можеби се работи за технички проблем или некое недоразбирање и во тој поглед побара Советот да биде флексибилен за нивното барање. Сите радиодифузери треба сериозно да ја сфатат работата на Советот за радиодифузија и Законот. Тој истакна дека не сака Советот како регулаторно тело да биде сфатено само дека ги казнува медиумите, туку дека функционира и на начин со кој сака да помогне, дека е отворен за соработка во секое време. Членот на Советот, м-р Борис Арсов, рече дека секој радиодифузер што ќе изрази желба за соработка, Советот ќе излезе во пресрет со состаноци за која било сфера од нивното работење, било заштита на авторски права, технички и финансиски работи, односно се што преставува заеднички интерес во работата на Советот и медиумите. Членот на Советот, м-р Зоран Трајчевски рече дека Советот за радиодифузија на Перпектива ТВ и Џангл ТВ, сите можности им ги понуди за да се прилагодат, да ја усогласат својата работа со Законот, но од нивна страна не пристигна позитивен одговор. Во тој поглед смета дека за Перпектива ТВ и Џангл ТВ е јасна ситуацијата. Нагласи дека Џангл ТВ, долг период, од 3 години и повеќе има неплатен долг кон Советот и дека Советот не може да воспостави

комуникација со нив. Околу сосtјбата со АБ Канал, рече дека проблемот е од технички аспект и верува дека ќе се надмине. За сите радиодифузери кои својата програма ја емитуваат преку сателит согласно дозволата, најави дека и во иднина ќе продолжи проверката дали се емитуваат преку сателит. Во поглед на ТВ Пинк 15-, кој најавиле дека во текот на денот ќе го подмират долгот, и во поглед на одлуката што треба Советот да ја донесе за ТВ Пинк 15 –, предложи или да биде условна или да се одложи за следната недела. Членот на Советот, Селвер Ајдини го постави прашањето дали во дописот од АБ Канал е наведен рок до кога би се качиле на сателит? Претседателот на Совет, м-р Зоран Стефаноски, го прочита Барањето на АБ Канал во кое не беше наведен рок за решавање на новонастанатата несакана ситуација, и во кое се бара разбирање од Советот за нивниот проблем. Членот на Советот, Замир Мехмети, рече дека негов личен став е дека Советот за радиодифузија не само што е партнер на радиодифузерите, дури понекогаш им помага и повеќе од што е потребно. Се надева дека по завршувањето на седницата некои од радиодифузерите, кои се попроблематични, не сака сите да ги стави во иста рамка, дека нема да чекаат последните минути за да решат да платат. Се надева дека сите што чекале со години да го подмират долгот, од сега ќе бидат професионални и нема повеќе да се однесуваат спротивно на Законот. Членот на Советот, Бранко Радовановиќ, рече дека кога се користи поимот *неопределено време*, треба да се знае дека тој претставува граматичка категорија и дека нема врска со работењето на Советот. Што се однесува до состојбата во која се наоѓа АБ Канал, и времето кое го бараат од Советот за да се качат на сателит, рече дека за таа активност е потребно 2-3 минути, така да поимот неопределено време не важи ни за сателитските телевизии. Исто така фактот што Советот не може со одредени медиуми да воспостави контакт, комуникација, и што при одење на терен не се на пријавеното место, Советот не смее повеќе да го толерира овој начин на однесување. Членот на Советот, Столе Наумов, рече дека му е жал затоа што на седницата наместо да се дискутира за суштински работи во поглед на емитувана програма, рекламирање и сл., членовите на Совет разговараат за одземање на дозволи. Колку што Советот се труди да биде толерантен за едни радиодифузери станува нетолерантен за други, односно го постави прашањето како одредени трговски радиодифузни друштва наоѓаат средства да го платат надоместокот а други не. Советот, рече, нудеше разни можности во поглед на рокови, плаќање на рати и сега е ставен пред свршен чин. И доколку Советот пак не постапи согласно Законот, останатите трговски радиодифузни друштва ќе ги стави во нерамноправна положба, објаснувајќи дека таа нерамноправна положба ќе влијае на медиумскиот пазар. Штом ТВ Перспектива и Џангл ТВ не платиле, Советот треба да им ја одземе дозволата.

Советот ја усвои предложената Информација за исполнување на обврските на радиодифузерите кои имаат дозвола за емитување телевизиски програмски сервиси преку сателит, согласно зададениот рок од страна на Советот – 5-ти април 2012 година.

Советот, со еден воздржан глас од Претседателот на Совет, м-р Зоран Стефаноски, донесе одлука за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност на ТРД „ЏАНГЛ ТВ” ДООЕЛ Скопје, поради:

- неотпочнување со емитување на својот програмски сервис преку сателит, што претставува законска пречка за имателот да врши радиодифузна дејност (член 63, став 1 алинеја 3), и
- неплаќање на надоместокот за дозволата во рокот утврден во дозволата (член 63, став 1 алинеја 4).

Советот, со два воздржани гласа од Претседателот на Совет, м-р Зоран Стефаноски и членот на Советот, Столе Наумов, донесе одлука за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност на ТРД „ПЕРСПЕКТИВА ТВ” ДООЕЛ Скопје, поради:

- неотпочнување со емитување на својот програмски сервис преку сателит, што претставува законска пречка за имателот да врши радиодифузна дејност (член 63, став 1 алинеја 3), и

- неплаќање на надоместокот за дозволата во рокот утврден во дозволата (член 63, став 1 алинеја 4).

Советот одлучи, ТРД „ЏАНГЛ ТВ" ДООЕЛ Скопје и ТРД „ПЕРСПЕКТИВА ТВ" ДООЕЛ Скопје, во целост да ги платат доспеаните, неплатени надоместоци по основ на неплатени фактури за дозволата за вршење радиодифузна дејност.

Доколку не го направат тоа, Секторот за правни работи во законски рок да поведе постапка пред надлежен суд со цел наплата на доспеаните неплатени надоместоци, со камата.

Членот на Советот, м-р Борис Арсов, во однос на АБ Канал, предложи Советот да им даде можност да се качат на сателит до 5 мај  2012 година. Иако за неколку минути радиодифузерот може да се качи на сателит, односно техничкиот дел не е спорен, сепак рече дека меѓусебните договори и преговори со АБ Канал и сателитскиот провајдер, може да траат подолго.

Претседателот на Совет, м-р Зоран Стефаноски, рече дека не е во ред да се даде толку долг период на АБ Канал за да се качи на Сателит, затоа што Советот ќе биде нерамноправни пред другите сателитски кои ја исполниле обврската. Рокот треба да биде поразумен и пократок, пред се затоа што на Наша ТВ и 24 Вести им се даде рок од 15 дена.

Советот, едногласно одлучи на АБ Канал да му се даде рок од 15 дена да се качи на сателит.

Советот одлучи, докололку Тв Пинк 15 -, до крајот на денот не ги исполни обврските кон Советот, да се одлучи за преземање соодветни мерки.

**Точка 2**

Советот ја разгледа Информацијата по повод претставката од лицето Ванчо Костадинов од Виница, а во врска со известување во вести во рамките на програмскиот сервис на ТРД „Телевизија Сител" ДООЕЛ Скопје, за семејно насилство со објавување на лични податоци.

Лицето Ванчо Костадинов од Виница, на 20-ти март 2012 година доставил претставка до Советот за радиодифузија на РМ, УПП.бр.03-24, по повод информација за насилство случено во неговото семејство, емитувана во вестите на ТРД „Телевизија Сител" ДООЕЛ Скопје, на 9-ти март 2012 во 23:00 часот, во рамките на која новинарот објавил лични податоци на членови од неговото семејство.

Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи, рече дека го подржува предлог-заклучокот од информацијата, односно Советот за радиодифузија на РМ на ТРД „Телевизија Сител" ДООЕЛ Скопје, да му укаже при известување за вакви или слични настани да се придржува кон принципот на заштита на приватноста и достоинството на личноста.

Членот на Советот, Столе Наумов, не се согласи Советот да ја третира оваа преставката затоа што новинарите кога известуваат од лице место, тоа треба да го направат со точни податоци, со полни имиња и презимиња на учесниците во настанот, без разлика дали тоа им се допаѓало или не. Во спротивно на јавноста би им понудиле полувистинита некомплетна информација. Советот не треба за секоја преставка и жалба да реагира, особено не кога станува збор за случаи кои се во доменот за саморегулацијата, професионалните стандарди, уредувачка политика и можноста да се искористи правото на исправка и одговор.

Советот, со два воздржани гласа од членовите на Совет, акад. Бојан Шоптрајанов и Столе Наумов, ја усвои предложената Информација по повод претставката од лицето Ванчо Костадинов од Виница, а во врска со известување во вестите на 9-ти март 2012 во 23:00 часот во рамките на програмскиот сервис на ТРД „Телевизија Сител" ДООЕЛ Скопје, за семејно насилство со објавување на лични податоци, подготвена од Секторот за правни работи и Секторот за програмски работи.

Се задолжи Секторот за правни работи со допис да ја извести ТРД „Телевизија Сител“ ДООЕЛ Скопје, со кој ќе му укаже дека при известување за вакви или слични настани треба да се придржува кон принципот на заштита на приватноста и достоинството на личноста, пропишан во член 68, став 2, алинеја 1 од Законот за радиодифузната дејност.

Се задолжи Секторот за правни работи со допис да ја извести Дирекцијата за заштита на лични податоци на РМ, во врска со претставката од лицето Ванчо Костадинов од Виница и соодветното укажување на Советот за радиодифузија упатено до ТВ Сител.

**Точка 3**

Советот го разгледа предложениот Конечен извештај од Одделението за внатрешна ревизија за извршената ревизија на процесот за подготовка на пресметка и исплата на плата на Претседателот, Заменикот на претседателот, на членовите на Советот за радиодифузија и на вработените во стручна служба на Советот за радиодифузија. Милаим Абдураими, внатрешен ревизор во Советот, даде кратко објаснување за содржината на Конечниот извештај, односно внатрешната ревизија извршила ревизија на процесот за пресметка и исплата на плата во Советот за радиодифузија. Предмет на ревизијата бил функционирањето на системот на внатрешните контроли во процесот за пресметка и исплата на плата. Од извршената ревизија констатација на внатрешната ревизија е дека тој систем постои, добро е дизајниран и дава разумно уверување дека добро функционира. Советот едногласно го усвои предложениот Конечен извештај од Одделението за внатрешна ревизија за извршената ревизија на процесот за подготовка на пресметка и исплата на плата на Претседателот, Заменикот на претседателот, на членовите на Советот за радиодифузија и на вработените во стручна служба на Советот за радиодифузија, подготвен од Милаим Абдураими. (Во текот на гласањето, членот на Советот, Столе Наумов, беше отсутен).

**Точка 4**

Советот ја разгледа Предлог-Одлуката за јавна набавка за предметот на набавка: одржување на постојан софтвер за анализа на радио и телевизиски програми НАВС. Советот едногласно одлучи, за потребите на Советот за радиодифузија во 2012 година, согласно одредбите од Законот за јавните набавки, да се спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка за следниот предмет на набавка: Одржување на постоен софтвер за анализа на РА и ТВ програми НАВС. (во текот на гласањето, членот на Советот, Столе Наумов, беше отсутен). Вкупниот износ на средствата потребни за реализација на договорот за јавна набавка изнесуваат 300.000,00 денари, без вклучен ДДВ. За реализацијата на договорот за јавна набавка средствата се обезбедени со Финансискиот план на Советот за радиодифузија за 2012-та година.

Доделувањето на договорот за јавна набавка ќе се спроведе со примена на постапката - барање за прибирање на понуди без објавување на оглас согласно одредбите од Законот за јавните набавки.

Постапката за доделување на договорот за јавна набавка ќе ја спроведе Комисија за јавни набавки во следниот состав:

- Арбен Саити- претседател на Комисијата, со заменик Арџент Џелили;
- Рубин Талески - член, со заменик Шќипе Тахири и
- Симе Златески - член, со заменик Александар Џуваревиќ.

**Точка 5**

Советот ја разгледа Предлог- Одлуката за јавна набавка за предметот на набавка- услуги: печатарски услуги со фотокопирање за потребите на Советот за радиодифузија. Советот едногласно одлучи, за потребите на Советот за радиодифузија во 2012 година, согласно одредбите од Законот за јавните набавки, да се спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка за следниот предмет на набавка: Печатарски услуги со фотокопирање за потребите на Советот за радиодифузија на РМ. (во текот на гласањето, членот на Советот, Столе Наумов, беше отсутен). Вкупниот износ на средствата потребни за реализација на договорот за јавна набавка изнесуваат 400.000,00 денари, без вклучен ДДВ. За реализацијата на договорот за јавна набавка средствата се обезбедени со Финансискиот план на Советот за радиодифузија за 2012-та година. Доделувањето на договорот за јавна набавка ќе се спроведе со примена на постапката - барање за прибирање на понуди со објавување на оглас согласно одредбите од Законот за јавните набавки. Постапката за доделување на договорот за јавна набавка ќе ја спроведе Комисија за јавни набавки во следниот состав:

- Драгица Љубевска - претседател на Комисијата, со заменик Наташа Стојчевска;
- Атила Мемед - член, со заменик Шќипе Тахири и
- Слободан Беличански - член, со заменик Билјана Марковска - Јовановска.

**Точка 6**
**Разно**

**Бр. 02-1363/7**
**17.05.2012 година**
**С к о п ј е**

**Совет за радиодифузија на РМ**
**П р е т с е д а т е л,**
**м-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ, с.р.**

**Записникот го водеше,**
**Ружица Бошнакоска Јотевска**

*Изработила: Ружица Бошнакоска Јотевска*
*Одобрил: Огнен Неделковски*